**20111603521**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 35-а став (2) од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07 и 136/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ НА ПРЕВОЗНИЦИ КОИ ВРШАТ ОДНОСНО НЕ ВРШАТ ПРЕВОЗ НА ЖИВОТНИ ЗА ДОЛГИ ПАТУВАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение на превозници кои вршат односно не вршат превоз на животни за долги патувања во рокот утврден во член 35 став (3) од Законот за заштита и благосостојба на животните.

Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на одобрение односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение на превозници кои вршат односно не вршат превоз на животни за долги патувања“, во А-4 формат во бела боја, кој е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за датум и број на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице подносител на барањето, седиште на правното лице подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-4464/4
9 ноември 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на директорот на
Агенцијата за храна и ветеринарство

Датум _______________
Број _________________

**Б А Р А Њ Е**

заради неиздавање на одобрение односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение на превозници кои вршат односно не вршат превоз на животни за долги патувања

Од________________________________________________________________________
(назив на правното лице)

__________________________________________________________________________
( седиште на правно лице)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 35-а став (3) од Законот за заштита и благосостојба на животните директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да постапи по барањето за одобрување на превозници за вршење на превоз на животни поднесено под број __________________ од ______________ година до Агенцијата за храна и ветеринарство, чија копија Ви ја доставувам во прилог на ова Барање.

Барател

___________________